Врз основа на член 40 став 1 точка а) алинеа прва од Законот за јавни ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе

# *О Д Л У К А*
## *за избор на најповолен понудувач*

1. *За најповолен понудувач за набавка на легитимации за извршители изработени по предлог дизајн на Министерство за правда, се избра:*

**„МАГНАСКЕН Скопје"**

*2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.*

*3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.*

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Министерството за правда донесе Одлука за набавка на легитимации за извршители изработени по предлог дизајн на Министерство за правда заведена под број 05-846/4 од 06.02.2020 година.*

*Набавката од точка 1 се спроведува без спроведување на постапка за јавна набавка согласно член 40 став 1 точка а) алинеа прва од Законот за јавни ("Службен весник на РМ"24/2019) , односно за овој предмет на набавка не се применуваат одредбите на Законот за јавни набавки и истата се спроведува со прибирање на понуди.*

*Беа доставени три понуди од страна на тројца економски оператори. За најповолна понуда односно најниска цена понуди економскиот оператор МАГНАСКЕН Скопје, која понуда во Министерство за правда е заведена под број 05-846/3 од 06.02.2020 година.*

*За извршување на обврските по оваа одлука ќе се склучи договор, а плаќањето ќе се изврши по доставување на предметот на договорот.*

*Согласно се погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука заведена под број 05-846/5 на ден 07. 02. 2020 година.*

***Правна поука:** Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија*

*Доставено до:*
- *Комисија за јавни набавки*
- *Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*

*По овластување на Министер за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Растовски*

*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение*
*Одобрил: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор*